2593-Pretsedatelstvo na Vladata na NRM. SKOPJE

Смрт на фашизмот — Слобода на народот!

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 17 — Скопје, вторник 23 август 1949 година — Год. V

Ракописите се испраќаат во дупликат на адреса: „Службен весник на НР Македонија“ Пошт. фах 51. Скопје. Ракописите не се враќаат. Телефон на редакцијата и администрација 696.

Овој број чини 4 динари. Претплата за една година износи 250 дин., за едно полугодие 125 дин. Чековна сметка при Народна банка на ФНРЈ. Централа за НРМ — Скопје 8.901,812

162

На основа чл. 73 т. 1 од Уставот на Народна Република Македонија а во врска со чл. 5 т. 2 и чл. 7 од Законот за Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија Претседателството на Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија донесува

### УКАЗ

ЗА СВИКУВАЊЕ НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА СВЕЧЕНО ЗАСЕДАНИЕ

Народното собрание на Народна Република Македонија се свикува на свечено заседание по случај петгодишнината на Народна Република Македонија на 1 август 1949

У. Бр. 14
Скопје, 27 јули 1949 година

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО НА ПРЕЗИДИУМОТ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Секретар, Ристо Џунов, с. р.
Претседател, Богоја Фотев с. р.

163

Врз основа на чл. 73 точ. 4 од Уставот на НРМ Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија, издава

### УКАЗ

за дводневното прославување Петгодишнината на денот на свикувањето на првото заседание на АСНОМ како државен празник на Народна Република Македонија

По повод прославувањето на Петгодишнината од денот на свикувањето на првото заседание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија, денот втори август илјада деветсто четириесет и девета година да се прослави два дена како државен празник на Народна Република Македонија на први и втори август 1949 година.

У. Бр. 11 — Скопје, 29 јули 1949 година.

ПРЕЗИДИУМ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Секретар, Ристо Џунов, с. р.
Претседател, Богоја Фотев с. р.

164

### УКАЗ

Врз основа на член 17 став 3 од Законот за почесните звања на трудбениците, а по предлог на Владата на НРМ, Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија

### РЕШИ

За квалитативно и квантитативно особено истакнати колективни резултати кои што видно допринесуваат кон социјалистичката реконструкција на земјоделието се даваат следните почесни звања и тоа:

I. — ЗАДРУГА-ПРВАК НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, на:

1) Селанската работна задруга "Кочо Рацин" во село Лазарополе, Дебарска околија.

II. ЗАСЛУЖНА ЗАДРУГА, на:

1) Селанската работна задруга "Светлост" во село Породин, Битолска околија;
2) Селанската работна задруга во село Манастирец, Кавадарска околија;
3) Селанската работна задруга "Овче Поле" во село Горубинци. Свето-николска околија;
4) Селанската работна задруга "Комунист" во с. Г. Подлог, Кочанска околија;
5) Селанската работна задруга "1 мај" во с. Моноспитово, Струмичка околија;
6) Селанската работна задруга "Братство—Единство" с. Софулари, Штипска околија;
7) Селанската работна задруга "Исток" с. Евла, Ресенска околија;
8) Селанската работна задруга "Обнова" с. Тресонче, Дебарска околија;
9) Селанската работна задруга "Мирче Ацев" с. Љубаниште, Охридска околија;
10) Селанската работна задруга "Маршал Тито" с. Седларци, Тетовска околија;
11) Селанската работна задруга "Сува Гора" с. Стенче, Гостиварска околија.

III. — ЗАДРУГА-БОРЕЦ ЗА ВИСОК ПРИНОС, на:

1) Селанската работна задруга "Чедомир Момировски" с. Брвеница, Тетовска околија;
2) Селанската работна задруга "Џоџо Чаков" с. Живојно, Битолска околија;
3) Селанската работна задруга "Мичурин" с. Градошорци, Струмичка околија;
4) Селанската работна задруга с. Огњанци, Скопска околија;
5) Селанската работназ адруга "Братство—Единство" село Сопот, Ресенска околија;
6) Селанската работна задруга "Маршал Тито", с. Кишава, Битолска околија;
7) Селанската работна задруга с. Трстеник, Кавадарска околија; и
8) Селанската работна задруга с. Дихово, Битолска околија.

У. Б. 12 — Скопје, 29 јули 1949 година.

ПРЕЗИДИУМ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Секретар, Ристо Џунов, с. р.
Претседател, Богоја Фотев с. р.

**165**

# УКАЗ

Врз основа на член 16 став 1 од Законот за почесните званија на трудбениците, а по предлог од Претседателот на Владата на НРМ, Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија

# РЕШИ

I. — За постигнати извонредни заслуги за унапредувањето и развитокот на земјоделското задругарство и за социјалистичката реконструкција на земјоделието се дава почесното звање

**ИСТАКНАТ ЗЕМЈОДЕЛЕЦ-ЗАДРУГАР НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

на ТАШКО ГРУЈОВСКИ, претседател на Селанската работна задруга "Кочо Рацин" во село Лазарополе, Дебарска околија.

II. — За допринесување со својата работа и со заложувањето кон зајакнувањето и развивањето на задругата и задружниот имот и за истакнување во исполнувањето на обврските спрема државата на работниот народ се дава следното почесно звање

**ЗАСЛУЖЕН ЗЕМЈОДЕЛЕЦ-ЗАДРУГАР**

и тоа на:

1) КОСТА МАЗНЕЈКОВ, член на управата на задругата од село Градошорци и потпретседател на Околискиот сојуз — Струмица;
2) РЕЏЕП ТАВАЧКИ, член на Управата на Селанската работна задруга во село Тработивиште, Царевоселска околија;
3) БЛАГОЈА НИКОВ, претседател на Селанската работна задруга во село Моноспитово, Струмичка околија;
4) ПАВЛЕ БОГДАНОВСКИ, претседател на Селанската работна задруга во село Брвеница, Тетовска околија;
5) АНГЕЛЕ АШИКОВСКИ, претседател на Селанската работна задруга во с. Драчево, Скопска околија;
6) КОЛЕ ЃЕЦОВСКИ, претседател на Селанската работна задруга "Светлост", с. Породин, Битолска околија;
7) БЛАГОЈА ГАЈЗАРОВ, претседател на Селанската работна задруга во село Подлог, Кочанска околија;
9) БОЖИН АРСОВ, претседател на Селанската работна задруга во село Загорци, Радовишка околија;
10) СЕРАФИМ НИКОЛОВ, претседател на Селанската работна задруга во село Јосифово, Ѓевгелиска околија;
11) МИТО ШТЕРЈОВ, бригадир на Селанската работна задруга село Софулари, Штипска околија;
12) МИТЕ ТАСЕВСКИ, претседател на Селанската работна задруга, село Љубаниште, Охридска околија;
13) АТАНАС МАШКОВСКИ, претседател на Селанската работна задруга с. Слепче, Демир Хисарска околија;
14) СЕРАФИМ АТАНАСОВ, претседател на Околискиот сојуз на земјоделските задруги во Штип;
15) ВАНЕ ДИМОВСКИ, претседател на Селанската работна задруга с. Манастирец, Кавадарска околија;
16) ВАСИЛ ПАВЛОВСКИ, претседател на Селанската работна задруга село Дихово, Битолска околија;
17) СТАНКО ПЕТРОВСКИ, претседател на Околискиот сојуз на земјоделските задруги Битола;
17) АДЕМ ОСМАНОВ, член на Селанската работна задруга, село Бањско, Струмичка околија;
19) КОСТА ДОМАЗЕТОВСКИ, село Велушина, Битолска околија;
20) БОШКО БАКАЛОВСКИ, претседател на Селанската работна задруга, село Црни Буки, Битолска околија;
21) СЕТО МЕМЕДИ, претседател на Селанската работна задруга, с. Врапчиште, Гостиварска околија; и
21) СТОЈМЕН ТРАЈКОВСКИ, претседател на Селанската работна задруга с. Горубинци, Свето Николска околија.

У. Бр. 13 — Скопје, 29 јули 1949 год.

ПРЕЗИДИУМ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Секретар, Ристо Џунов, с. р.

Претседател, Богоја Фотев с. р.

**166**

По укажаната потреба, а со цел да се олесни учењето на децата од српска народност кои што живеат во Скопје, го донесувам следното

# Решение

1. При полната женска гимназија "Јосип Броз Тито" во Скопје се отвора паралелка од IV клас со српски наставен јазик.
2. Паралелката ќе почне со наставата по почетокот на учебната 1949/50 година.
3. Ова решение влегува во сила од денот на објавувањеот му во "Службен весник на Народна Република Маке-

Министер за просвета
Димче Мире с. р.

**167**

По укажаната потреба, а со цел да се олесни учењето на децата од турското малцинство кои што живеат во Титов Велес и во Штип го донесувам следното

# Решение

**за отворање паралелки со турски наставен јазик при полните гимназии во Титов Велес и во Штип**

1. При полните гимназии во Титов Велес и во Штип се отвараат по една паралелка од I клас со турски наставен јазик.
2. Паралелките ќе почнат со наставата во почетокот на учебната 1949/50 година.
3. Ова решение влегува во сила од денот на објавувањето му во "Службен весник на Народна Република Македонија."

Бр. 11450 — 18 јули 1949 год., Скопје.

Министер за просвета,
Димче Стојанов — Мире с. р.

## ИСПРАВКА

Претседателството на Владата на НРМ, по извршеното сравнување со изворниот текст, установи дека во Уредбата за отворање Студентски дом во Скопје ("Службен весник на НРМ" бр. 3 од 15 февруари 1949 година) е допуштена долу наведената печатна грешка и ја дава следната

---

## ИСПРАВКА
**На Уредбата за отворање на Студентски дом во Скопје**

Во обоснованието на Уредбата е напечатено: "Врз основа член 19 од Уставот на Народна Република Македонија" а треба да стои: "Врз основа чл. 79 Став II од Уставот на Народна Република Македонија."

Бр. 4197 26-VII-1949 год., Скопје.

Од Претседателството на НРМ

## СОДРЖИНА


| Рег. бр. | | Страна |
|---|---|---|
| 162 | Указ за свикување Народното собрание на Народна Република Македонија на свечено заседание | 143 |
| 163 | Указ за дводневното прославување Петгодишнината на денот на свикувањето на Првото заседание на АСНОМ како државен празник на Народна Република Македонија | 143 |
| 164 | Указ за давање почесни звања на истакнатите работни задруги во Народна Република Македонија | 143 |
| 165 | Указ за давање почесни звања "истакнат земјоделец-задругар" и "заслужен земјоделец-задругар" на задруги во Народна Република Македонија | 144 |
| 166 | Решение за отворање паралелка од IV клас со српски наставен јазик при Полната женска гимназија "Јосип Броз—Тито" во Скопје | 144 |
| 167 | Решение за отворање паралелки со турски наставен јазик при полните гимназии во Титов Велес и Штип | 144 |